РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 08-2182/1
07.04.2025 год.
КРИВА ПАЛАНКА


# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk


Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (службен весник на РМ бр. 5/02), член 23 од Статутот на општина Крива Паланка (службен гласник на општина Крива Паланка бр. 8/10, 8/14, 2/18 и 3/19), чл.51 од Законот за јавни патишта (службен весник на РМ бр. 84/08 и измените на истиот заклучно со 163/16), чл. 11 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (Службен весник на РМ бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и Сл.весник на РСМ 98/19), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**За привремена забрана за движење на сите видови на моторни возила на дел од улица Калин Камен КП 4609/1, Крива Паланка, на потегот од граница на улицата со КП 2355 (над улицата) и КП 2367 (под улицата) до спојот со ул 8-ми октомври, заради безбедносни причини и извршување на активности за санација/реконструкција на дел од улицата поради појава на свлечиште, почнувајќи од 07.04.2025 год. па се до завршетокот на градежните активности.**

Образложение:

Поради обилни врнежи е појавено свлечиште и одрони од нестабилни делови на постоечки потпорни зидови и од безбедносни причини на гореневедениот дел од улицата неопходно е да биде затворен сообраќајот за сите видови моторни возила, освен за интервентни возила.

Се молат граѓаните да имаат разбирање за настанатата ситуација и да ја почитуваат забраната и да не ја одстрануваат или поместуваат поставената сообраќајна сигнализација за ограничување на движењето.

За горедонесеното решение ќе бидат известени Министерството за внатрешни работи, како и граѓаните преку средствата за јавно информирање.

Доставено до:
-архива
-МВР Крива Паланка

Општина Крива Паланка
Градоначалник
Сашко Митовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА